Република Македонија

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА

## на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата



## 2009 - 2014

*Ноември, 2008*

**Донесена на седница на Републичкиот совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата одржана на 16.10.2008 година,**

**Административен број. 16.5.1./148**

**Прифатена на седница на Собранието на Република Македонија на 11.11.2008 година**

**Координативно тело од РСБСП**

М-р Никола Ангеловски, *претседател*

Проф.д-р Миле Димитровски, *координатор*

Доц.д-р Вулнет Палоши, *член*

Доц.д-р Зоран Шапуриќ, *член*

Љупчо Ставрески, *член*

Кузман Дамчески, *член*

*Република Македонија*

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА

## *на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата*

# 2009 - 2014

*Ноември, 2008*

**Донесена на седница на Републичкиот совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата одржана на 16.10.2008 година,**

**Административен број. 16.5.1./148**

Прифатена на седница на Собранието на Република Македонија на 11.11.2008 година

## Координативно тело од РСБСП

М-р Никола Ангеловски, *претседател*
Проф.д-р Миле Димитровски, *координатор*
Доц.д-р Вулнет Палоши, *член*
Доц.д-р Зоран Шапуриќ, *член*
Љупчо Ставрески, *член*
Кузман Дамчески, *член*

## Соработници, експерти

Проф. Павле Стојменов
Проф. Никола Гаврилов
М-р Горан Мијовски, дипл. град. инж.
Доц. д-р Фимка Тозија, *РЗЗЗ*
Проф.д-р Борис Мурговски, *Факултет за безбедност*
М-р Данчо Пендовски, *Биро за метрологија*
Слободан Димитровски, *вештак, дипл. сообр. инж.*
Мирјана Апостоловска, *дипл.правник*
Асс.м-р Оливер Андонов, *Факултет за безбедност*
М-р Јован Христов, *дипл. сообр. инж.*
Проф.д-р Стефан Буџаковски, *Прв приветен Универзитет ФОН*

## Консултации извршени со:

Министерство за внатрешни работи
Министерство за транспорт и врски
Министерство за здравство
Министерство за образование и наука
Министерство за просторно планирање и животна средина
Министерство за економија
Факултет за безбедност
Град Скопје
Републички завод за здравствена заштита
АМСМ
BCEOM France
МУП на Република Хрватска
Стопанска комора на Србија, оддел за сообраќај
Совет за безбедност на собраќајот на Словенија
(Svet za preventivo i vzgojo v cestnem prometu)

**Лектура:** Ана Чачкирова, *лектор*
**Техничко уредување:** 6. Ѕвезда
**Фотографија:** Бојан Петковски

# Содржина

***Извршно резиме*** .................................................................................................................................... 9

***I. Предговор*** ............................................................................................................................................ 13

1. Цел на Националната стратегија
2. Визија
3. Мисија
4. Вредносни принципи на кои се потпира Националната стратегија
5. Главни подрачја за дејствување
6. Мониторинг на реализацијата на Националната стратегија

***II. Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата*** ............... 19

1. Вовед

***III. Главни цели на Националната стратегија со предлог решенија*** ......23

1. Намалување на бројот на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од пречекорување на дозволената брзина на движење
   - 1.1 со примена на превентивни мерки
   - 1.2 со примена на елементи за успорување на возилата при нивното движење во населени места
   - 1.3 со зголемување на бројот на контроли за пречекорување на брзината
2. Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од недавање првенство на минување
   - 2.1 со подобрување на условите за видливост на крстосниците
   - 2.2 со подобрување на безбедноста на патно - железничките премини
   - 2.3 со зголемување на бројот на контролите во врска со почитување на црвеното светло на семафоризираните крстосници од страна на возачите и пешаците
3. Намалувањена сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од управување со возило под дејство на алкохол, дрога и на други психотропни супстанции

3.1 преку едукација

3.2 преку дејствување на сообраќајната полиција

4. Намалување на последиците од сообраќајните незгоди преку зголемување на користењето на опремата за пасивна безбедност

    4.1 преку едукација и кампањи

    4.2 преку контрола

5. Зголемување на заштитата на групи посебно изложени на опасност

    5.1 децата во сообраќајот

    5.2 запознавање на пешаците и на велосипедистите со законската регулатива во областа на сообраќајот

    5.3 подобрување на однесувањето на мотоциклистите и на велосипедистите преку поинтензивен полициски надзор на нивното учество

6. Подобрување на безбедното опкружување на патот

    6.1 Системско определување и отстранување на опасните сообраќајни места и на црните точки на патот

    6.2 Преглед (Аудит) на безбедноста на патот

7. Подобрување на мерките за интервенција непосредно по незгодата

    7.1 Едукација за соодветно однесување на учесниците во сообраќајот по сообраќајна незгода

    7.2 Подобрување на пристапноста во областа на незгодата на сите тела од Центарот за итни повици Е-112 (спасување, полиција, итна медицинска помош , противпожарна)

8. Целосно почитување на законската регулатива

    8.1 Подобрување на ефикасноста на законската регулатива

    8.2 Поголем надзор врз состојбите во врска со примена на законската регулатива

    8.3 Перманентно следење и усогласување на законската регулатива во Република Македонија со регулативите во ЕУ

    8.4 Подобрување на ефикасноста во работата на сообраќајната полиција и на административните служби во неа.

    8.5 Подобрување на ефикасноста во почитување на законската регулатива во областа на одржување на патиштата

9. Координација на сите активности

    9.1 Методолошка обука на јавната администрација во врска со безбедноста на патиштата

    9.2 Подобрување на работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и на неговите комисии, и тесна соработка со надлежните министерства

    9.3 Обезбедување аналитички и концептуални активности

9.4 Промовирање вклучување и работа на други тела од областа превенција на безбедноста во сообраќајот на патиштата

***IV. Прогноза за очекуваната реализација*** .................................................................. 41

***V. Прилози*** .............................................................................................................................. 45

1. Анализа на состојбите на сообраќајните незгоди на патиштата во Република Македонија – анализа на предности ,недостатоци, можности и закани ( SWOT–анализа)
2. Анализа на незгоди на патиштата во РМ од 2000 до 2007 г.
3. Закони користени за подготовка на Националната стратегија
4. Акти на Европската Унија користени за подготовка на Националната стратегија



# Извршно резиме

Според податоците од 2007 година, во Република Македонија секој ден се случувале **51,5** сообраќајни незгоди, кои вклучуваат **11,4** незгоди со повредени лица. Во просек бројот на загинати лица дневно изнесува **0,39**, бројот на сериозно повредени **3,1**, а бројот на лица со лесни повреди **8,3**. Бројките се алармантни и на подолг рок тие се неприфатливи за нашето општество. Спроведувањето на Националната стратегија, обезбедува квалитетен ефикасен, ефективен и пред сé безбеден систем, кој ќе ги намали соообраќајните незгоди со секојдневни жртви.

Имајќи го предвид негативниот тренд на сообраќајните незгоди во претходните години, регулативата на Европската Унија, Наоди и препораки според „Бела книга за политиката на транспортот во Европската Унија" („WHITE PAPER European transport policy for 2010, Brussels, 12.09.2001.;**")** Наоди и препораки според „Приоритети во безбедноста на сообраќајот на патиштата и нивелирање на акциите" – („Prioroties in EU road safety – progress report and rankung of actions, Brussels,17.03.2000;") Наоди и препораки од ЕТСЦ  Европски совет за безбедност на транспортот –(„ETSC-European Transport Safety Council (Report 1997)" препораките на „ECMT/CEMT"и документите на ЕУ Европска акциона програма за безбедност на сообраќајот на патиштата („EU Action programe on Road Traffic Safety to 2010, „Verona Declaration") „RISSE" препораки, програмите iRAP и EuroRAP, EuroTAP,Светски извештај за безбедност на патиштата (World report of road safety), други акти на Светската здравствена организација – (World Helth Organization) како и акти на Европската Унија за зголемување на безбедноста во патниот сообраќај.

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата оформи работна група составена од членови на Советот, која изврши консултации со: Министерство за внатрешни работи, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за Економија, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, претставници од Владата, и од: Републички завод за здравствена заштита, претставници од Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), претставници од Авто-мото сојузот на Македонија,  Агенцијата за

патишта, Јавното претпријатие Македонија пат, Националното биро за осигурување и претставници од Европската Унија, и други, кои дел преку писмени документи ги изнесоа ставовите на министерствата и/или органите и на институциите кои ги претставуваат. Врз база на добиените документи координативното тело од РСБСП во консултации со соработниците - експерти го подготви текстот на **Националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата.**

Координативно тело во директна соработка ја изготви првата верзија на оваа програма, која по методата чекор по чекор беше подобрувана со директно учество на дел од експертите во Република Македонија.

Главната цел на Националната стратегијата е до 2014 година бројот на жртви во сообраќајот на патиштата во Република Македонија да се намали за 50%, и 0 (нула) деца – жртви, учесници во патниот сообраќај.

Главните подрачја за дејствување набележани за реализација на **Националната стретегија** ќе се реализираат преку активности во следните подрачја:

- Патот и Патната инфраструктура;
- Техничка исправност на возилата;
- Контрола на патниот сообраќај;
- Превентива и сузбивање на сообраќајните прекршоци;
- Јакнење на свеста на граѓаните за потребата од сообраќајна едукација;
- Сузбивање на сообраќајната деликвенција во патниот сообраќај;
- Воведување безбедни технологии;
- Континуирана едукација и професионален тренинг.

Во овој момент, може да се даде само општа проценка на вложувањата за реализација на оваа програма, но ако се има предвид дека социоекономските трошоци за секоја жртва во сообраќајот изнесуваат еден милион евра и дека програмата предвидува вкупно намалување на бројот на жртвите во следните 5 години за околу 200 лица, годишните вложувања на ниво на 40 милиони евра или вложувања за петогодишен период од вкупно 200 милиони евра би биле најмалото вложување кое би ги оправдало очекувањата .(не се замени предвид трошоците за ресоцијализација на повредените).

Примената на **Националната Стратегија** ќе придонесат за **директни добивки** во износ од 200 милиони евра, кои се искажуваат со намален број на жртви и на повредени, намалување на трошоците за лекување на повредените, намалени материјални штети, намалени штети на патот и патната инфраструктура, како и за **индиректни придобивки** во износ од 300 милиони евра во заштитата на човековата околина и социјалната сфера.

Неопходно е да се прекине негативниот развој на бројот на сообраќајни незгоди и нивните последици и да се започне со промени во целото општество со посебна нагласка на безбедноста на патниот сообраќај, заради целосно интегрирање на Република Македонија во Европската Унија.


21

# I. Предговор

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (во натамошниот текст **РСБСП**) соочувајќи се со порастот на незгодите во патниот сообраќај и последи-ците од нив во последните 5 години, покрај учество во донесување и примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и на други релевантни законски и подзаконски акти во областа на безбедноста во патниот сообраќај, донесе одлука за изработка на **Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедност во сообраќајот на патиштата.** Националната стратегија ќе придонесе за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата во **периодот 2009 – 2014 година**. Националната стратегија следејќи ги плановите и активите на Европската Унија, предвидува во Република Македонија да го намали бројот на жртви од сообраќајот со смртни последици за **50%** и бројот на загинати деца - жртви, учесници во сообраќајот да изнесува **0** (нула).

Определбата на министерот за внатрешни работи на Република Македонија и министерот за транспорт и врски на Република Македонија е дека безбедноста во сообраќајот на патиштата е еден од многу високо поставените приоритети во државата и дека лично ќе ги поддржат сите ефективни мерки што ќе бидат предвидени со **Националната стратегија**, за да се подобри безбедноста во сообраќајот на патиштата во Република Македонија.

Работна група на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со експертските групи поддржано од Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Републичкиот завод за здравствена заштита, Јавното претпријатие „Македонија пат“, Агенцијата за патишта, Авто-мото сојузот на Македонија, невладините организации и од други релевантни институции и организации подготви - **Национална стратегија.**

**Националната стратегија** на Република Македонија за безбедност на сообраќајот на патиштата се потпира на анализи на причините и на условите за сообраќајните незгоди и на анализата на силни страни, слаби страни, можности и закани (SWOT - прилог 1), со што е креирана основата за одговорностите на носителите на главните подрачја за преземање интервенции по предложените мерки.

Претходно предложените материјали подготвени од страна на Министерството за внатрешни работи, како акциони планови или системски решенија за определени прашања за подобрување на безбедноста на патиштата, материјали коишто се однесуваат на специфични сообраќајни состојби во државата за претходниот период се користени при изработката на Националната стратегија.

При изготвување на **Национална стратегија,** која претставува прва стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Македонија беа користени: Законот за јавни патиштата, Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Закон за возила (во постапка) и Националната здравствена програма „Здравјето на населението во Република Македонија“, како и релевантни важечки регулативи и практики (види список на користена литература).

**Националната стратегија е отворен долгорочен документ.**

## *1. Цел на Националната стратегија*

**Националната стратегија** има цел, предвидувајќи ги долгорочните потреби на државава за преземање плански мерки и активности во областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата, да ги реши проблемите во овој сегмент и да гарантира дека визијата, идеите и вредностите што се предвидени со неа ќе бидат реализирани, преку намалување на бројот на загинати и минимизирање на бројот на деца-жртви во сообраќајот.

Националната стратегија е од суштинско значење за понатамошните мерки и активности во трите столба **(пат - возило - возач)** и предвидува применливи алатки за унапредување на безбедноста на патиштата.

## *2. Визија*

Република Македонија со оваа Стратегија, како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија, настојува да биде рамноправен и респектабилен член во европското и светското опкружување и тоа е нејзина трајна ориентација во областа на безбедноста на патниот сообраќај. На овој начин Република Македонија чекори по патеките на современото уредување на државата каде што безбедноста на сообраќајот на патиштата претставува клучен фактор за благосостојбата на нејзините граѓани и за јакнење на националната економија, со јасна визија за **50%** намалување на жртвите во сообраќајот до 2014 година, без деца-жртви во сообраќајот.

# *3. Мисија*

**Националната стратегија** има мисија преку развојот и унапредувањето на безбедноста на сообраќајот на патиштата да помогне во напорите на Република Македонија за нејзино рамноправно и респектабилно учество во светските, а пред сé во европските политички и економски интегративни процеси и да создаде услови за превенирање на последиците и за ефикасно користење на придобивките од глобализацијата на патно - сообраќајната безбедност.

Мисијата на **Националната стратегија** ќе се оствари со помош на утврдена долгорочна ориентираност и ефикасни интервенции во следните стратегиски области:

- Унапредување на квалитетот на патот и на патната инфраструктура;
- Унапредување на техничката исправност на возилата:
- Унапредување на сообраќајно - техничката култура;
- Унапредување на превенцијата на повредите од сообраќајните незгоди на патиштата на сите три нивоа: примарна, секундарна, терцијарна;
- Засилување и унапредување на меѓународната соработка;
- Воведување напредни технологии во безбедноста на сообраќајот;
- Управување со промените во насока на подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата;

# *4. Вредности и принципи на кои се потпира Националната стратегија*

Националната стратегија, настојува во духот на современите цивилизациски вредности, да ги креира основните правци во развојот на безбедноста на сообраќајот на патиштата. При тоа, во рамките на предвидените цели за реализација, се обидува доследно да ги почитува генералните принципи на кои се темели развојот на патниот сообраќај, како што се: квалитет, економичност, превенција, јавно-здравствен пристап граѓанска одговорност, праведност, транспарентност и интегративност.

# *5. Главни подрачја за дејствување*

Главните подрачја за дејствување набележани за реализација на **Националната стратегија** предвидуваат намалување на жртвите во сообраќајот на **50%** до 2014 година и нула деца-жртви во сообраќајот, а ќе се реализираат преку следните активности на дејствување во:

- Патот и патната инфраструктура и
- Техничката исправност на возилата;
- Контролата и регулирање на патниот сообраќај;
- Превентива и намалување на сообраќајните прекршоци;
- Јакнење на свеста на граѓаните за потребата од сообраќајна едукација
- Намалување на сообраќајната деликвенција во патниот сообраќај во РМ
- Воведување безбедни и екотехнологии; (green)
- Континуирана едукација и професионален тренинг:

# *6. Мониторинг на реализацијата на Националната стратегија*

Во рамките на своите надлежности Републичкиот совет преку **координативно тело** за изготвување, планирање и мониторинг на Националната стратегија ќе врши и мониторинг на реализацијата на Стратегијата, следење на подготвувањето на националните програми и на акционите планови за безбедноста во сообраќајот на патиштата, ќе го координира подготвувањето на годишните акциони планови и извештаи за реализацијата на Стратегијата и ќе дава насоки за понатамошно подобрување. Со своите механизми ќе потпомага активности и мерки во функција на нејзината реализација. Еднаш годишно, РСБСП, ќе доставува Извештај за реализација на Националната стратегија до Собранието на Република Македонија,



# II. Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата (2009 – 2014)

## *Вовед*

Во 2007 година 199 лица се жртви, а 6133 лица се сериозно повредени во сообраќајните незгоди на патиштата во РМ. Трошоците ја надминуваат сумата од 199 милиони евра годишно (според европските мерила секоја жртва во сообраќајот е проценета на еден милион евра). Подобрувањето на постојната состојба може да се направи само со координиран пристап и акција во превенцијата и во репресијата, што вклучува и донесување неопходни измени на постојната законска регулатива.

**Националната стратегија** е резултат на заеднички напор на координативното тело и на владините експерти од поединечните Министерства, кои беа поканети во текот на работата во писмена форма да ги соопштат ставовите на соодветните Министерства и на другите инволвирани институции.

Националната стратегија се базира на следното:

- Состојбата на патната мрежа и на патната инфраструктура
- Анализа на сообраќајните незгоди во Република Македонија
- Законската регулатива во Република Македонија
- Анализа на возниот парк во Република Македонија
- Анализа на предности, недостатоци, можности и закани (**SWOT**)
- Улогата на Република Македонија во Европската патна мрежа
- Политиката во областа на транспортот на Република Македонија

Стратегијата предвидува и поставува главна цел дефинирајќи начините како таа ќе се постигне. Начинот за постигнување на целта се објаснува преку соодветни мерки, како и со предложени алатки (средства) за справување со идентификуваната состојба.

Да се примени предвидената алатка, значи да се оствари конзистентна соработка за примена на сите мерки и вклучување на најширокиот спектар на субјекти за нејзината имплементација и на национално ниво и на ниво на единиците на локална самоуправа.

Заради тоа, за да се исполнат предвидените мерки дадени со Националната стратегија претпоставува тие да се обработат и на ниво на локалната самоуправа, земајќи ги предвид специфичните локални услови, вклучително и специфичните одговорности на конкретните вклучени (инволвирани) субјекти и да се утврдат начините за следење на исполнувањето на тие мерки.

Стратегијата ќе биде успешна ако во нејзината реализација покрај носителите на програмите, активно се вклучат и приватниот сектор, и невладините организации од областа на безбедноста на патниот сообраќај.

Мерките и алатките се формулирани на начин што ги покриваат слабите точки произлезени од SWOT-анализата и од анализата на сообраќајните незгоди. Во исто време, мерките и алатките да ги замаат предвид и меѓународните договори на Република Македонија.

Од Анализата на предности, недостатоци, можности и закани (**SWOT**-анализа) произлегуваат следните критични факти за Република Македонија:

- Несоодветно одржување на патиштата и на патната инфраструктура.
- Ниско ниво на прифатеност на законската регулатива од корисниците;
- Недоволно ниво на прецизност (егзактност) на законската регулатива;
- Небезбедно однесување на учесниците во патниот сообраќај;
- Сериозни последици од сообраќајните незгоди предизвикани со пречекорување на дозволената брзина на движење;
- Сериозни последици од сообраќајните незгоди предизвикани од недавање првенство на минување;
- Сериозни последици од сообраќајните незгоди предизвикани од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции;
- Неупотреба (или ниско ниво на употреба) на опремата за пасивна безбедност;

***Главната цел на Националната стратегијата е бројот на жртви во сообраќајот на патиштата во Република Македонија до 2014 година  да се намали за 50%, и 0 (нула) деца – жртви, учесници во патниот сообраќај***


50
RADAR

# III. Главни цели на Националната стратегија со предлог решенија

## *1. Намалување на бројот на сообраќајни незгоди и нивните последици предизвикани од пречекорување на дозволената брзина на движење*

Аналитичките показатели на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија**,** покажуваат дека **пречекорувањето на дозволената брзина на движење** е главна причина за сообраќајни незгоди со фатален крај (смртни последици). Само во 2007 година **89** лица загинале како последица на возење со **пречекорување на дозволената брзина на движење,** што претставува 45% од сите лица кои загинале во сообраќајни незгоди во Република Македонија.

Во сферата на борбата против неодговорното однесување на прво место треба да биде зајакнувањето на контролата и засилувањето на казнената политика, кои заедно со активностите за информирање преку медиумите ќе имаат и превентивна улога. Повремените акции за полициски надзор ќе играат значајна улога.

За да се намали брзината на движење и за да се заштитат пешаците, особено во населените места, треба да се применуваат сите можни мерки за забавување на сообраќајот насекаде каде што тоа го дозволуваат условите за одвивање на сообраќајот, вкучително и воведување зони на смирен сообраќај.

## *Мерка 1.1:*

Намалување на сообраќајните незгоди предизвикани од пречекорување на дозволената брзина на движење **со примена на превентивни мерки:**

- Кампања наменета за почитување на ограничувањето на брзината на движење, особено во населените места и за одржување на безбедно растојание треба да се промовира секоја година;
- Зголемување на процентот на учество на практичната обука (во однос на теоретската) за создавање навики на возачите во автошколите при обука и при полагање на возачките испити;
- Поставување сигнализација за автоматско покажување на патната брзина со дисплеј со различни информатички содржини за учесниците;

## *Мерка 1.2:*

Намалување на сообраќајните незгоди предизвикани од пречекорување на дозволената брзина на движење **со примена на елементи за успорување на возилата при нивното движење во населени места:**

- Изведба на современи урбани сообраќајни елементи за успорување во населените места, на места опасни за безбедноста на граѓаните, вклучително и воведување зони за смирен сообраќај;
- Мотивација на единиците на локалната самоуправа за поголема примена на современи технолошко - технички решенија за решавање на сообраќајните проблеми и иницирање изработка на адекватна проектна документација за сообраќајни решенија;
- поставување кружни текови и еднонасочни улици и во градските улици;
- Примена на современи технологии за управување со сообраќајот на градските улици;

## *Мерка 1.3:*

Намалување на сообраќајните незгоди предизвикани од пречекорување на дозволената брзина на движење преку **зголемување на бројот на контролите за пречекорување на брзината:**

- Зголемување на бројот на контролите за пречекорување на брзината со мобилни радари со пишувач, уште поинтензивно мерење на брзината со мобилни радари во сообраќајното движење. Како целни места да се земат предвид местата каде што почесто се случуваат

сообраќајните незгоди предизвикани со пречекорување на брзината и со агресивно однесување;

- Користење на резултатите од мерењето на брзината на возилата извршено со стационарните радари, заради донесување соодветни решенија за подобрување на состојбите, од надлежните државни органи;
- Интензивирање на контролата за почитување на патната брзина на возилата кои задолжително се опремени со тахограф (во рамките на државната инспекција и AETR-надгледувањето);
- Воведување посебна техничка служба за контрола на сите интегрирани податоци од еуротахографи;

## *2. Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од недавање првенство на минување*

Недавање првенство на минување е втората причина за сообраќајните незгоди предизвикани од возачите на моторните возила. Околу 17% од незгодите, во кои 28 лица годишно го загубиле животот се последица од недавање првенство на минување. Бројот на незгоди предизвикани од оваа причина се зголемува пропорционално секоја година.

Главна мерка во овој правец ќе биде подобрување на сообраќајната инфраструктура преку подобрување на прегледноста на крстосниците, со што ќе се постигне поголема видливост на сите учесници во сообраќајот. Конститутивен дел на оваа мерка ќе биде конструкцијата – техничко решение во близина на пешачки премин. Оваа мерка ќе биде придружувана од мерки на предупредување за давање првенство на минување. Оваа мерка може да го намали ризикот од незгода и до 75%.

Промената на однесувањето на возачите ќе биде задача со долгоротрајна примена. На оваа мерка треба да се даде соодветен публицитет преку обука во училиштата и во авто-школите при што ќе бидат нагласени предностите од позитивното однесување како што се процена на ситуацијата и џентлменско однесување.

### *Мерка 2.1:*

Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од недавање првенство на минување **со подобрување на условите за видливост на крстосниците:**

- Зголемување на видливоста на патната опрема и на означувањата, особено на споредните патишта;
- Видливо означување на крстосниците и на раздвојувањата на патот;
- Опремување на пешачките премини со современа урбана опрема и со вертикална и хоризонтална сигнализација;
- Проектирање посебни патеки за потребите на населението на делници на магистрални и регионални патишта што поминуваат низ населени места;
- Проектирање посебни и посебно означени (одделени) патеки за потребите на велосипедисти, пешаци, ролеристи и сл.

### *Мерка 2.2:*

Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од недавање првенство на минување со **подобрување на безбедноста на патен премин со железничка пруга:**

- Да се реализира двонивелационо решение на вкрстување на магистралните и регионалните патишта со железницата;
- Подобрување на означувањето на патен премин со железничка пруга;
- Овозможување видно поле при вкрстување во ниво;
- Примена на напредни технологии.

### *Мерка 2.3:*

Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од недавање првенство на минување преку **зголемување на бројот на контролите во врска со почитување на црвеното светло на семафоризираните крстосници од страна на возачите и пешаците:**

- Формирање центар за управување на сообраќајот (traffic management);
- Поставување на сообраќајно безбедносни камери за црвено светло на одбрани семафоризирани крстосници;
- Доизградба лента за десно свртување на места каде што дозволува габаритот на патот;
- Поголем надзор за почитување на знакот „дополнително зелено светло“;
- Едукација на сите учесници во сообраќајот за примена на умерено однесување;

# *3. Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од учество во сообраќајот под дејство на дрога, алкохол и на други психотропни супстанции*

Во Република Македонија евиденцијата на учесниците во сообраќајот по дејство на алкохол и на други психотропни супстанции не е сосем прецизна, но од достапните податоци може да се согледа нивно учество од 5 до 6%, со тенденција на пораст на учесниците под дејство и на други психотропни супстанции (пораст на употребата на возилата под дејство на лекови, антидепресиви и на други психотропни супстанции)

Во оваа сфера мерките треба да бидат јасно прецизирани за да го сменат однесувањето, посебно на оние кои управуваат со возилата. Паралелно со едукативните методи, ударна мерка треба да биде превенцијата, а потоа репресијата (казнени одредби). Полицискиот надзор да се засили особено ноќно време и за време на викендите и празниците кога се консумира алкохол.

Најмалку еднаш годишно треба да се промовираат кампањи против употреба на алкохол од страна на возачите.

Доколку, се применат сите мерки предвидени со Националната стратегија, врз оваа основа до крајот на 2014 година можат да се спасат по 9 човечки животи годишно.

## *Мерка 3.1:*

**Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од учество во сообраќајот под дејство на алкохол, дрога и на други психотропни супстанции преку едукација:**

- Кампања со цел да се укажување на опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции, со нагласување на одговорноста на корисникот;
- Пренесување информации за влијанието на алкохолот и на другите психотропни супстанции при управување со моторни возила и врз немоторизирани учесници во сообраќајот, преку училиштата и автошколите;
- Зголемување на бројот на информациите за влијанието на некој лек врз способноста за управување со моторно возило и за неговото дејствување врз однесувањето на другите учесници во сообраќајот;

### *Мерка 3.2:*

**Намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици предизвикани од учество во сообраќајот под дејство на алкохол, дрога и на други психотропни супстанции преку дејствување на сообраќајната полиција:**

- Набавка на современа опрема за идентификација и за потврдување на злоупотребата на алкохол и на други психотропни супстанции во сообраќајот;
- Зголемување на бројот на контролирани учесници во акциите за контрола на употребата на алкохол и на други психотропни супстанции, вклучувајќи возачи на моторни возила, мотоциклисти и велосипедисти. Овие контроли треба да се вршат постојано, а особено за време на ноќните часови и за време на викендите;

# *4. Намалување на последиците од сообраќајните незгоди преку зголемување на користењето на опремата за пасивна безбедност*

Опремата за пасивна безбедност (сигурносен појас, седишта за деца,) припаѓа на најважните елементи во внатрешноста на возилото и ја обезбедува пасивната безбедност. Нивната употреба од возачот и од сопатниците е потценета во Република Македонија. Според истражувањата користени при подготовка на овој документ, неупотребата на сигурносни појаси се случува кај 50 до 70% од учесниците, (зависно од местото и од видот на патот).

Постои простор за дејствување, посебно во сферата на превенцијата и едукацијата (давање публицитет). Кампањите кои се изведуваат секоја година се главната алатка. Нагласка да се даде на употребата на сигурносните појаси. Да се нагласи одговорноста на возачот, не само за неговиот живот туку и за животот на сите сопатници.

Новата регулатива мора да предвиди задолжителна употреба на детски седишта при превоз на деца.

Со примената на употребата на седишта за деца, до 2014 година се очекува да се спасат 6 животи годишно.

### *Мерка 4.1:*

**Намалување на сообраќајните незгоди и на последиците од некористењето на сигурносните појаси преку едукација и кампањи:**

- Организирање кампања секоја година со посебно нагласување на следното:
  - Користење на сигурносните појаси, особено во населените места
  - Користење на сигурносните појаси од совозачот
  - Користење на седишта за деца
- Зголемување на бројот на корисници на сигурносните појаси кај униформираните припадници на МВР и на АРМ;

### *Мерка 4.2:*

**Намалување на сообраќајните незгоди и на последиците од некористењето на сигурносните појаси преку контрола**

- Зголемување на бројот на контролирани возачи и патници за употреба на сигурносни појаси и на седишта за деца;

## *5. Зголемување на заштитата на групи коишто се посебно изложени на опасност*

Еден од значајните проблеми на безбедноста во сообраќајот во РМ е големиот процент на загинати и сериозно повредни пешаци и велосипедисти. Просечно, годишно, во изминатите години бројот на повредени велосипедисти е 38, а на пешаци - 164.

За да се смени однесувањето на групите учесници во сообраќајот, посебно изложени опасност, неопходно е да се вклучат што е можно повеќе партнери, а пред сé училиштата и невладините организации. Особено внимание да се посвети на стари и изнемоштени лица и на лицата со посебни потреби, на пример, за олеснување на учеството во сообраќајот на групи посебно изложени на опасност треба да се преземат мерки за адаптација на патниот појас (за пешаци и за велоспедисти), или специјални семафори за слабовиди и слепи лица во согласност со препораките на ЕУ.

Може да се очекува дека со целосна примена на мерките превидени за оваа група учесници ќе бидат спасени 5 животи годишно.

## *Мерка 5.1:*

Зголемување на безбедноста на **децата во сообраќајот**

- Проширување на поддршката и воведување нови форми на сообраќајно образование во сите нивоа на предучилишно и училишно образование;
- Поширока имплементација на програмата „**Безбеден пат до училиштето**";
- Обезбедување медиумска кампања за зголемување на безбедноста на децата во сообраќајот, заедно со печатење брошури за родителите, и следење на нивната дистрибуција до градинките, училиштата и до здравствените установи;
- Поддршка за обновување на сообраќајните училишни патроли;

## *Мерка 5.2:*

**Запознавање на пешаците и на велосипедистите со законската регулатива во областа на сообраќајот**

- Вклучување на јавноста, децата и лицата со посебни потреби во идентификација на ризичните места во сообраќајот на патиштата

  Активности за информирање со целни групи:

  1. пешаци (како се поминува улица, прегледност, видливост на пешакот)
  2. велосипедисти (заштитен шлем - кацига, видливост на велосипедистот)
  3. деца во сообраќајот
  4. стари и изнемоштени лица
  5. лица со посебни потреби

## *Мерка 5.3:*

**Подобрување на однесувањето на мотоциклистите и на велосипедистите преку поинтензивен сообраќаен надзор на нивното учество**

- Да се обезбеди поголем надзор на пешачките премини (поминување на пешаците при црвено светло на семафорот, првенство на минување на пешаците) со зголемено сообраќајно присуство на крстосниците;
- Да се посвети поголемо внимание за почитување на Законот за безбедноста во сообраќајот од страна на пешаците, посебно при нивна намалена видливост, (забележителност), со поголемо присуство на полицијата на патиштата од прв и од втор ред на одредени делници;
- Да се посвети поголемо внимание за почитување на Законот за безбедноста во сообраќајот од страна на мотоциклистите и на едукацијата (за употреба на лични заштитни средства, заштитен шлем - кацига) од мотоциклисти и на возачи на велосипеди со мотор;

# *6. Подобрување на безбедното опкружување на патот*

Безбедната околина на патот може многу ефикасно да елиминира иницирање сообраќајни незгоди и да се намалат последиците од нив, и во градската и во руралната средина.

Еден од основните принципи на Националната стратегија е прецизна анализа на сообраќајната незгода со последици (смртни последици, сериозни повреди). Во Република Македонија аналитиката на податоците, преку софтверски компјутерски програми за селекција и за идентификација на учесници, последици итн., треба да се подобри, а до нивната реализација ќе се соочиме со некомплетни информативни податоци за решавање на трите најважни проблема од оваа област, а тоа се:

- почитување на законската регулатива за поставување стандардизирани објекти во патниот појас и надвор од него
- подобрување на локализацијата на поединечните патни незгоди, и врз база на тоа
- воведување **задолжителност во елиминација на црните точки** на сите идентификувани места.

Основните вложувања во обезбедувањето побезбедна патна околина се (во споредба со другите мерки) многу високи, но „враќањето на вложените средства“ преку намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици е за многу кус временски период.

Согласно со меѓународните искуства докажано е дека со примена само на следните мерки – добро планирање, проектирање, градба и одржување безбедна патна инфраструктура може да се оствари

и 30% намалување на сообраќајните незгоди, и намалување на трошоците врз основа на загуба на човечки живот, нега и ресоцијализација на повредените, материјалната штета и друго, а резултатите ќе се почувствуваат во временски период кој надминува петгодишна активност.

## *Мерка 6.1:*

**Подобрување на безбедното опкружување на патот преку системско определување и отстранување на опасните сообраќајни места и на црните точки на патот**

- Креирање крстосници со кружен тек;
- Креирање информатичка задолжителна методологија за определување и за набљудување (мониторинг) на црните точки, вклучително и користење; бази на податоци за најдобрите начини за нивно отстранување (best practice)
- Креирање и имплементација на систем за **задолжително намалување на бројот на црни точки на патиштата** (кои во овој момент - септември 2008 година изнесува 169), според утврдена петгодишна динамика;

## *Мерка 6.2:*

**Подобрување на безбедното опкружување на патот преку преглед (аудит) на безбедноста на патот**

- Примена на преглед за безбедност на патот за сите проекти за патен сообраќај;
- Примена на евалуација (преглед) на безбедноста на одреден пат согласно со методата делница по делница;
- Чекор по чекор да се отстранат несоодветно поставените билборди и други објекти кои ја загрозуваат видливоста, а со тоа и безбедноста на сите патишта;
- Осветлување на крстосниците низ населените места, на регионалните и на магистралните патишта;
- Осветлување на патните делници низ населените места
- Примена на Euro RAP - методологија за утврдување на причините за сообраќајните незгоди;
- Примена на iRAP за донесување одлуки за интервенции на патиштата;

# 7. Подобрување на мерките за интервенција непосредно по незгодата

Имало случаи да не се даде прва помош во право време и на соодветен начин.

Оваа мерка е посебно наменета за поширока група учесници во патниот сообраќај и за обука за прва помош. Училиштата и медиумите треба да бидат искористени за оваа намена.

Втората важна област е брза и ефикасна пристапност на сите тела од Центарот за итни повици Е-112 (спасување, полиција, итна Медицинска помош, противпожарна) во областа на инцидентот

Во случај да има барем 50% подобрување од примената на оваа мерка, до 2014 година може да се очекува да се спасат нови животи. Паралелно со ова може да се очекува и дополнително намалување на трошоците предизвикани од незгодата.

## *Мерка 7.1:*

**Подобрување на мерките за интервенција непосредно по незгодата преку едукација за соодветно однесување на учесниците во сообраќајот по сообраќајна незгода**

- Пласирање информации преку медиумите за неопходноста и начините на давање прва помош.
- Едукација за прва помош во основните училишта, која ќе вклучи лекции за заштита на здравјето во посебни околности по препорака од Министерството за образование и наука:.
- Подобрување на практичната обука за однесување по сообраќајна незгода, примена на вештините за давање прва помош од страна на апликантите за возачка дозвола;
- Обука на сите учесници во сообраќајот заради подобрување на однесувањето по сообраќајната незгода;
- Истражување на степенот на истрошеноста на патиштата и на патната инфраструктура,

### *Мерка 7.2:*

- **Подобрување на мерките за интервенција непосредно по незгодата преку подобрување на пристапноста во областа на незгодата за сите тела од Центарот за итни повици Е-112 (спасување, полиција, итна медицинска помош, противпожарна)**
- Креирање и имплементација на систем за брзо и прецизно идентификување на местото на незгодата независно од далечината и од локалните услови;
- Креирање законска рамка во врска со Упатството за сообраќај на патиштата за подобра пристапност на местото на инцидентот за сите тела од Интегрираниот систем за прва помош, особено при сообраќаен метеж. (**Act No 361/2000** on Road Traffic);
- Набавка на опрема за брзо и ефикасно спасување и имобилизација на повредени лица кај сите тела од Интегрираниот систем за прва помош

## *8. Целосно почитување на законската регулатива од сите учесници во сообраќајот*

Целосното почитување на законската регулатива од сите учесници во сообраќајот е важна мерка која доведува до подобрување на безбедноста во сообраќајот. Повеќе од **90%** од сите сообраќајни незгоди се предизвикани од субјективен фактор.

Целта на оваа мерка е должно почитувањето на Законот за безбедност на сообраќајот и почитување на работењето на полицијата од сите учесници во сообраќајот. Неопходните претпоставки за ефикасна работа се брзо одредување на санкцијата и нејзина поефектна реализација. Неопходните претпоставки за горе - спомнатата мерка се законски и организациони промени во работата на сообраќајната полиција и во овластувањата.

Со оглед на опфатот на наведената област, многу е тешко да се специфицира влијанието на оваа мерка во некоја квантитативна форма на смалување на бројот на сообраќајни незгоди, но со поддршка на овие мерки тие ќе ја покажат директно својата ефикасност.

## *Мерка 8.1:*

- **Целосно почитување на законската регулатива од сите учесници во сообраќајот преку подобрување на ефикасноста на законската регулатива**
- Ефектуирање на системот на казнени бодови од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

## *Мерка 8.2:*

**Целосно почитување на законската регулатива од сите учесници во сообраќајот со поголем надзор врз состојбите во врска со примена на законската регулатива**

- Целосна примена на стандардите во методите на планирање, проектирање и ревидирање со што е можно поголемо избегнување на употребата на нестандардни патни, геометриски или градбени елементи со максимално усогласување од аспект на безбедност во сообраќајот;
- Целосна примена на стандардите и на принципите за заштита и за унапредување на животната средина и на одржливиот развој;
- Управувањето со патната мрежа треба да опфати изнаоѓање мерки за редуцирање на потенцијалните незгоди;
- Формирање патна инспекција која ќе ги утврдува причините и начините за избегнување на опасните незгоди во соработка со аналитичките служби на МВР;
- Обезбедување систематски надзор врз патниот сообраќај со посебен осврт на местата на црните точки и на времето кога се случуваат сообраќајни незгоди, како и врз состојбата на моторните возила;
- Обезбедување ефикасна државна комисија составена од лиценцирани експерти за соодветната област за контрола на работата на станиците за технички преглед на возилата, со цел намалување на сообраќајните незгоди и нивните последици поради техничките неисправности и застареноста на возниот парк;
- Обезбедување ефикасна државна комисија составена од лиценцирани експерти за контрола на работата на автошколите;.

## *Мерка 8.3:*

**Целосно почитување на законската регулатива од сите учесници во сообраќајот преку перманентно следење и усогласување на законската регулатива во Република Македонија со регулативите во ЕУ**

- Формирање база на документи кои се во врска со сообраќајот (закони, директиви, правилници);
- Членување во регионални и во национални мрежи на градови и на претпријатија кои се занимаваат со јавен превоз;
- Да се учествува во проекти за нови иновативни пристапи во сообраќајот поддржувани од ЕУ;

## *Мерка 8.4:*

**Целосно почитување на законската регулатива од сите учесници во сообраќајот преку подобрување на ефикасноста во работата на сообраќајната полиција и на административните служби во неа.**

- Воведување истражување на безбедноста во сообраќајот во определени региони како еден од најважните критериуми за оцена на успехот на работењето на полицијата во полето на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- Имплементација на конзистентна контрола, согласно со европските регулативи во врска со примената на Законот за безбедност на сообраќајот од страна на полицијата и регуларна евалуација на ефикасноста на контролата;
- Имплементација на конзистентна контрола согласно со европските регулативи во врска со тоа како полицијата и административните служби ги процесираат законските казнени одредби во врска со сообраќајните прекршоци и регуларна евалуација на ефикасноста на контролата;
- Подобрување на ефектуирањето на пропишаните санкции во управната постапка и на глобата кои не се наплатени на местото на настанот и скратување на времето од определување на глобата до нејзината наплата;
- Постојани информации до јавноста за активностите на сообраќајната полиција за промоција на безбедноста на патиштата и промоција на работата на полицијата;

### *Мерка 8.5:*

**Целосно почитување на законската регулатива од сите учесници во сообраќајот преку подобрување на ефикасноста во почитување на законската регулатива во областа на одржување на патиштата**

- Следење на тековите во патниот сообраќај и создавање база на податоци од оваа област заради синхроно планирање на одржувањето во согласност со EuroRap и iRAP;
- Создавање база на податоци за состојбата на коловозната конструкција, мостовите и на тунелите и мерки за нивно санирање;
- Стандардизација на објекти од патната инфраструктура согласно со европските регулативи за патишта;

## *9. Координација на сите активности*

Во ова поглавје се сумирани мерките во врска со координацијата на активностите на државно ниво, на ниво на локалната самоуправа и на ниво на невладини организации. Министерството за транспорти врски ќе ја потпомогне работата на локалната самоуправа. За оваа намена Министерството за транспорт и врски и Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Републичкиот завод за здравствена заштита ќе подготват методолошки инструкции и ќе дадат информации за имплементација на безбедноста на патиштата. Невладините организации ќе бидат финансирани со грантови (дотации) според проектниот пристап.

### *Мерка 9.1*

**Координација на сите активности преку методолошка обука на јавната администрација во врска со безбедноста на патиштата**

- Координација и поддршка на активностите на координативните тела за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- Поддршка на активностите за безбедноста на патиштата на регионално и на локално ниво;
- Тесна координација за примена на информативни, превентивни и на репресивни активности за безбедноста во сообраќајот;

- Креирање локални акциони планови за безбедноста во сообраќајот на патиштата со вклучување на јавното мислење;
- Пренесување (размножување) на информациите за најдобрите начини и искуства во безбедноста на патиштата, со интензивирање преку тркалезни маси, собири, веб-страни, портали и електронски форуми на РСБСП, и формирање посебна јавна „база на податоци“ за безбедноста во сообраќајот во Министерството за внатрешни работи;

## *Мерка 9.2*

**Координација на сите активности преку подобрување на работата на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и на неговите комисии, во тесна соработка со надлежните министерства**

- Во рамките на работата на Советот, **координативното тело** во содејство со надлежните министерства, треба да се формираат посебни работни групи составени од експерти, приватен сектор и од невладини организации со цел на решавање на конкретни проблеми на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- Да се изврши административно техничко докомплетирање на Советот во склад со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата
- Технолошко екипирање со опрема и надворешни експерти – формирање на експертски пул (база на податоци за експертите во РМ и пошироко)

## *Мерка 9.3*

**Координација на сите активности Обезбедување аналитички и концептуални активности**

- Да се обезбеди континуирано истражување и развој на мерките за безбедност на патниот сообраќај со посебен приоритет на следните области
- Длабинска анализа на патните незгоди
- Безбедност преку изработка на елаборати и проекти
- Истражување на однесувањето човек – возило – пат - околина
- Воведување технологии за унапредување на безбедноста на патиштата од сите можни аспекти

- Поднесување на годишен извештај до Собранието на РМ
- Континуирана евалуација на законската регулатива
- Систематско подобрување (ажурирање) на сообраќајната статистика, која ги вклучува и причините и последиците од сообраќајните незгоди во согласност со директивите и со другата регулатива на ЕУ.

## *Мерка 9.4*

**Координација на сите активности преку промовирање, вклучување и работа на други тела од областа  превенцијата на безбедноста на сообраќајот на патиштата**

- Операционализација на Стратегијата ќе се прави преку годишни оперативни програми на носителите на активностите (ресорните министерства, надлежните органи и институции и носители на активности) (види прилог 2, -учество на субјектите во операционализација на Националната стратегија);
- Поддршка во форма на грант, на одбрани проекти од невладини организации во врска со безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- Препораки за засилување на контролирано однесување на возачите на патиштата преку електронските медиуми;
- Донесување посебна програма за здравствена заштита на сите лица повредени во сообраќајни незгоди;
- Доследно почитување на АДР прописите во сите нивни елементи (возач возило, обука)
- Афирмација, подобрување и интензивно користење на јавниот превоз и други мерки за растоварување на сообраќајот



# IV Прогноза на очекуваната реализација

Прогнозата на очекуваната реализацијана состојбите на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Македонија до 2014 година , при имплементација на Стратегијата е направена врз база на анализата на состојбите и на податоците во последните 9 години.

Иако целта на стратегијата е многу амбициозна, нејзиното исполнување е реално. Целта може да биде подржана не само со споредба  со Националните стратегии на други држави кои донеле вакви стратегии во минатото, туку и споредба на податоците за бројот на сообраќајни незгоди во Република Македонија во периодот 1980 – 2000 година.

Прогноза за бројот на загинати до 2014 година според Стратегијата врз база на реална споредливост на податоците, по број на жители по возило

| | *2006* | *2007* | *2008* | *2009* | *2010* | *2011* | *2012* | *2013* | **2014** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сообраќајки* | 18257 | 20.054 | 21109 | 23.000 | 23.500 | 22.400 | 21.300 | 19.200 | 18.600 |
| Повредени | 4936 | 5541 | 5990 | 5900 | 5800 | 5700 | 5500 | 5000 | 4.800 |
| Загинати **на милион жители со регистрирани 275.000 возила = **7.5** жит/возило 415.000 возила = **5.0** жит/возило | 14.0 | 19.9 | **16.0** | 14.0 | 12.0 | 10.5 | 10.0 | 9.5 | **8** |

* сообраќајни незгоди со повредени

** со смртни последици во рок од 30 дена


Прогноза на бројот на загинати лица до 2014 според
Националната стратегија
25000
20000
15000
10000
5000
0
2006
2007
2008
2009
2010
2011
2012
2013
2014
сообраќајни незгоди
повредени лица



Прогноза на бројот на загинати лица до 2014 според
Националната стратегија
25
20
15
10
5
0
2006
2007
2008
2009
2010
2011
2012
2013
2014
загинати**



# VI Прилози

## *Прилог 1.*

## *Анализа на состојбите на сообраќајните незгоди на патиштата во Република Македонија (SWOT анализа)*

### *(S = Strong) Силни страни за реализација на стратегијата*

- Голем интерес на Владата за решавање на проблемите на сообраќајот, што го декларирале и во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата
- Добра соработка со држави со добра статистика на сообраќајните незгоди, Србија Хрватска, Словенија и Австрија
- Зголемена желба на политичарите да бидат инволвирани во решавање на проблемите на сообраќајот
- Добар систем на податоци за сообраќајните незгоди во претходниот период
- Обезбедена здравствена заштита на целата територија на Република Македонија
- Долгорочна традиција за едукација на најмладите во областа на сообраќајот
- Традиција и долгорочно учество во натпреварите по сообраќајно - техничко воспитување на најмладите
- Зголемување на активностите на НВО во областа на сообраќајот
- Постои методологија за анализа на безбедноста на патиштата
- Постојат доволно добри материјали за обука за анализа на безбедноста на патиштата

## (W = Weak) Слаби страни за реализација на стратегијата

- Сообраќајните проблеми во македонското општество не се идентификувани како сериозен проблем
- Недоволно ниво на соработка при преземањето на мерки од различни невладини и владини субјекти
- Низок интензитет на јавниот градски и приградски превоз што ја зголемува потребата од користење на сопствени возила и ја намалува безбедноста во населени места
- Непостоење на планови за безбедност во сообраќајот на локално ниво
- Недоволно развиена служба за итна медицинска помош
- Недоволна развиеност на невладиниот сектор во областа на безбедност на сообраќајот на патиштата
- Препораките од меѓународните тела понекогаш се имплементираат само формално, а најдобрите практики не секогаш се применуваат секогаш на вистински начин
- Малку простор кај националните медиуми за проблемите на безбедноста на сообраќајот на патиштата
- Недостиг на аналитички информации за причините и последиците од сообраќајните незгоди
- Слаба соработка помеѓу локалната самоуправа и училиштата за време на идентификација на опасните точки на патот од домот до училиштето
- Невнимателно однесување на некои од учесниците во сообраќајот
- Слабо прифаќање на Законот за безбедност од страна на јавноста, но и од професионалци меѓу кои и полицајци
- Слабо ниво на примена на Законот
- Отсуство на евалвација на мерките за безбедност на сообраќајот на патиштата
- Нема датотека на зафати од областа на сообраќајот со најдобри светски практики
- Ниско ниво на сообраќајна едукација, користење на старомодни методи за едукација во областа на сообраќајот

## *(O = Oportunities) Можности кои ги нуди стратегијата*

- Намалување на бројот на незгодите и на нивните последици
- Намалување на бројот на незгоди на почувствителните групи на учесници во сообраќајот а посебно на велосипедисти, деца и пешаци
- Намалување на економските трошоци на сообраќајните незгоди
- Поблиска соработка помеѓу Министерството за транспорт и врски и Министерството за внатрешни работи во областа на превенција на сообраќајните незгоди
- Зголемување на личната одговорност во корист на сообраќајната безбедност
- Зголемување  на атрактивноста на работата во сообраќајната полиција
- Подобрување на културата и стандардот на животот во општеството
- Процес на евро-интеграциите
- Донации од меѓународни донатори

## *(T = Threats) Закани за реализација на стратегијата*

- Недостаток на финансиски извори за имплементација на неопходните мерки
- Недостаток на соработка меѓу различни нивоа на административно и владино, но и на државно и локално ниво
- Ниска желба за соработка помеѓу различни актери вклучени во работата на безбедноста на сообраќајот на патиштата
- Во случај на недостигнување на поставените цели, се губи мотивација за извршување на преостанатите предвидени активности

# *Анализа на незгоди на патиштата во РМ од 2000 до 2007 год.*

Број на сообраќајни незгоди и нивни последици 2001-2007

| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Загинати | 107 | 176 | 118 | 155 | 143 | 140 | 199 |
| Телесни повреди | 1830 | 2424 | 2750 | 2922 | 4176 | 4936 | 6133 |
| Со материјална штета | 14169 | 15004 | 15817 | 15112 | 14502 | 13181 | 12821 |
| Вкупен број на незгоди | 15884 | 17604 | 18988 | 18189 | 18821 | 16501 | 16861 |




Број на сообраќајни незгоди и во урбана средина и на отворен пат 2001-2007

| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на незгоди | 15884 | 17604 | 18988 | 18189 | 18821 | 16501 | 16861 |
| Во градска средина | 11118 | 12322 | 13671 | 12014 | 12233 | 11087 | 11934 |
| Надвор од град | 4766 | 5282 | 5317 | 6175 | 6588 | 5424 | 4927 |
| Вкупно загинати | 107 | 176 | 118 | 155 | 143 | 140 | 199 |
| Во градска средина | 46 | 58 | 52 | 65 | 62 | 62 | 65 |
| **Надвор од град** | 61 | 118 | 66 | 90 | 81 | 78 | 134 |


Сообраќајни незгоди во градска средина и на отворен пат 2001 - 2007
20000
18000
16000
14000
12000
10000
8000
6000
4000
2000
0
2001
2002
2003
2004
2005
2006
2007
Вкупен број на незгоди
Во градска средина
Надвор од град


Загинати во градска средина и на отворен пат 2001 - 2007
250
200
150
100
50
0
2001
2002
2003
2004
2005
2006
2007
Вкупно загинати
Во градска средина
Надвор од град


1600
1400
1200
1000
800
600
400
200
0
најчести причини за сообраќајни незгоди во 2007 година
Пребрзо возење
Непочитување првенство на минување
Грешки на пешаците
Страна и правец на движење
Непрописно престигнување
Управување под дејство на алкохол
Останати


Главни групи на Учесници во сообраќајот одговорни за сообраќајни незгоди
1
80%
90%
100%
Возач на моторно возило
Возач на немоторизирано возило
Пешак
Останати корисници на патот
Техничка грешка на патот
Техничка грешка на возилото
Диво или домашно животно
Останато




Главни причини за сообраќајни незгоди предизвикани од возачи на моторни возила

| *Главна причина* | *Број на незгоди* | | *Број на загинати* | |
|---|---|---|---|---|
| | 18821 | 100% | 143 | 100% |
| Пречекорување на брзината | 6211 | 33% | 79 | 55% |
| Недавање првенство | 4140 | 22% | 24 | 17% |
| Погрешно сртување | 7905 | 42% | 33 | 23% |
| **Погрешна насока на возење** | 565 | 3% | 7 | 5% |

Извор: МВР


Број на сообраќајни незгоди
Погрешна насока на возење
Пречекорување на брзината
Погрешно свртување
Недавање предност


Број на загинати
Погрешна насока на возење
Погрешно свртување
Пречекорување на брзината
Недавање предност

## *Закони користени за подготовка на Националната стратегија*

- Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, (Службен весник на РМ, бр. 54/ 2007,86/2008 и 98/2008),
- Закон за јавни патишта (Службен весник на РМ , бр. 84/ 2008),
- Закон за локална самоуправа ( Службен весник на РМ , бр. 5/2002)
- Закон за животна средина, ( Службен весник на РМ , бр. 53/2005 и 24/2007 ),
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух, ( Службен весник на РМ бр.67/2004 и бр.92 / 2007
- Закон за просторно и урбанистичко планирање ( Службен весник на РМ бр.51/2005 и бр.137 / 2007)
- Закон за заштита од бучава во животната средина Службен весник на РМ 79/2007)

## *Акти на Европската Унија користени за подготовка на Националната стратегија*

Бела книга за Европската транспортна политика за 2010,
(European transport Policy for 2010, time to decide)

ЕУ Директива за минимум безбедност за тунели во транс европската патна мрежа, (Directive 2004/54 EC of The European Parliament and of The Council on minimum safe for tunnels in Trans-European Road Network,)

Зелена книга на Европската Комисија за идна политика во областа на бучавата (Commission Green Paper on Future Noise Policy COM/96,)

ЕУ директива за оцена на бучавата, 9Directive 2002/49/EC of The European Parliament and Council, relating to the assessment and management of environmental noise,)

Council Decision 93/ 704/ EEC on the setting- up of Community data base on road traffic accident,
ЕУ Директива за изедначени процедури за проверка на транспортот на опасни стоки на патот, (Commission Directive adapting to technical progress Council Directive 95/ 50 EC, on uniform procedures for checks on the transport of dangerous goods by road,)

ЕУ Директива за апроксимација на законодавство  на земјите членки  кое се однесува на опасни стоки на патот, (Council directive 94/55 on the approximations of the laws on the Member State  with regard to the dangerous goods by road,)

Комуникација на Европската комисија за европска патна безбедност (Communications from the Commission on the European Road Safety Action Program),

ЕУ Директива за максимално дозволени димензии за возила и максимално дозволен товар во меѓународен сообраќај, (Council Directive 96/53 EC laying down for certain vehicles circulation with the Community the maximum authorized dimensions in national and international traffic and maximum authorized weights in international traffic,)

ЕУ Директива за усвојување на технички прогрес за емисии од моторни возила, (Commission directive 2003/ 27 EC on adopting technical progress Council Directive 96/96 EC as regards the testing of exhaust emissions from motor vehicles),

Работен материјал на Европската комисија за  проблеми во животната средина предизвикани од возила,(Commission working paper 1998, environmental problems caused by heavy vehicles,)

ЕУ Директива за бучавата, (Directive 2002/ 49/EC of The European Parliament, relating to the assessment and management of environmental noise,)

ЕУ Директива за промоција на употреба на биогорива или други обновливи горива во транспортот,(Directive 2003/ EC of The European Parliament, on the promotion of the use of biofules or other renewable fuels for transport,)

Извештај на Европскиот совет за стратегијата за интегрирање на проблематиката на животната средина и одржливиот развој во транспортната политика)Council Report to the European Council of Helsinki on the strategy  on the integration of environment and sustainable development in transport policy.

Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата

**Адреса на РСБСП:**
ул. „Ѓорѓи Димитров“ бр.13
1000 Скопје
Република Македонија

**Контакт телефон:**
+389 2 27 000 47

**E-mail:**
contact@rsbsp.org.mk

**Веб страница:**
http://www.rsbsp.mk

